Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање) | Идентификува положба на ми1, сол1, ла1, ре1, до1 на петолиние. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците разговараат за јазикот и писмото на музиката. Во мајчиниот јазик има букви за пишување, во музиката тоа се нотите. Наставникот црта петолиние и ги поттикнува учениците да напишат виолински клуч, како и тоновите „сол“ и „ми“. (Активирање на предзнаењата).<br>Учениците заедно со наставникот ги пеат мелодиските вежби со тоновите „сол“ и „ми“.<br><br>Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците преку слика ја воочуваат положбата на тоновите на тонската скала.<br><br>Учениците заедно со наставникот ја пеат песната „До сака доручек“<br>Потоа ги повторуваат тоновите по ред и ја пеат тонската скала. | дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>работен лист<br>прибор за пишување<br>ножици<br>лепак | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

До сака доручек,

РЕ репете,

МИ пие многу млеко,

ФА сака СОЛ.

ЛА сака лимонада.

СИ сака чоколадо,

Сите сакаат еден шарен сладолед.

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | Учениците добиваат работен лист (петолиние) на кој најпрво запишуваат виолински (сол) клуч, а потоа ја одредуваат положбата на нотите сол1, ми1, ла1, ре1 и до1 преку поставување слики на соодветното место на петолинието. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците запишуваат мелодиска вежба со тоновите сол1, ми1, ла1, ре1 и до1, ја пеат и свират. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Кои тонови ги научивме денес? Каде се пишуваат? Која активност ви беше најинтересна? Како се чувствувате?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) |  | |

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање). | Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се движат на дадена музичка игра. „Музичка змија“: Сите деца застануваат во редица за да формираат долга „змија“. Штом ќе започне музиката, „змијата“ почнува да се движи. Детето на почетокот од змијата почнува да се движи, да скока, да лази да оди на прсти итн. Останатите деца ги имитираат движењата. Кога музиката ќе запре детето на почетокот од редицата оди назад на крајот и следното дете по него застанува на почетокот од редицата.<br>Учениците се запознаваат со целта. (7 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците најпрво се запознаваат со „Полка“. Следат линк со упатствата за „Полка“: https://www.youtube.com/watch?v=e-v DTAX4iBE&t=5s&ab_channel=Dance%27nBeatsLab<br>На почеток телото е исправено, рацете се вкрстени напред.<br>А дел: рацете вкрстени напред, изменично менување на ногата на страна.<br>Б дел: рацете се вкрстуваат и отвараат странично напред, движењето во нозете останува исто.<br>В дел: 4 потсококнувања на лево, 4 потскокнувања на десно, 1 кружно движење околу себе.<br>В дел се повторува.<br>Учениците ги реализираат чекорите и се движат соодветно на карактерот на музиката. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги запишуваат/илуструраат своите впечатоци од кореографијата преку цртеж или преку писмено изразување. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Како се чувствувате? Дали правилно ги применувате чекорите за движење по музиката? | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи ( компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>работен лист<br>блок<br>прибор за пишување, цртање | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Што ви беше најтешко? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение                    Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Песни и броеници во опсег до1 - си1 | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег до1-си1 со правилен пејачки став и правилно дишење.<br>Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Планетата Земја за мене е? (бура на идеи). Учениците даваат кратки искази за планетата Земја и истите се запишуваат на табла од страна на наставникот. Учениците се насочуваат кон разговор за светскиот ден на планетата Земја и како треба да се грижиме за нашата планета. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се потсетуваат на правилен пејачки став и правилно дишење при пеење. (Телото да е исправено, рамењата да бидат природно опуштени, рацете да паѓаат мирно надоле, нозете и вратот да се во природна положба, исправена глава, природен израз на лице, техника на дишење на дијафрагма, рамномерно дишење без подигање на раменици, вдишување преку нос, а издишување преку уста).<br>Учениците се распејуваат со основната скала и со кратки вежби за распејување.<br>Наставникот заедно со учениците обработува песна по слух. Се запишува насловот на песната на табла: „Еко песна“. Се чита текстот и со учениците се разговара за содржината на песната и се објаснуваат непознатите зборови.  Следи ритмичко изговарање на зборовите со јасна и чиста дикција и точно акцентирање на одредени слогови. Учениците ја  учат мелодијата заедно со текстот по фрази и поголеми целини. На крај песната се пее целосно со интерпретациски елементи: динамика, темпо, карактер, фразирање. Додека пеат наставникот внимава на правилно дишење и поставеност на телото.<br>- https://youtu.be/NJArLQwDQWI Поточиња: Еко песна<br>(20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ја обојуваат сликата од работниот лист „Еко песна“ и писмено се изразуваат создавајќи нова содржина поврзана со | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>маркер<br>табла<br>работен лист<br>прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

**Вежби за распејување**



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | денот на планетата Земја. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувате? За што се зборува во песната? Со каков карактер е песната? Дали ја научивте сите? Дали пеевте со правилен пејачки став и правилно дишење? Дали пеевте со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам.?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди)   (5 мин.) | | |




„



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање) | Изговара со тактирање и свири на ритмички инструменти елементарни ритмички вежби со четвртини ноти и паузи | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот пее звучни примери за учениците да можат да ги воочат особините на тонот (траење–прво пее долги тонови/тонот до со половини ноти, па кратки тонови/тонот до со четвртини ноти, висина–наставникот пее различни тонови по висина, јачина–наставникот пее тивко и гласно и боја-наставникот пее, па свири на инструмент). Учениците дискутираат за особините на тонот, а наставникот ги дополнува.<br>Учениците кажуваат реченица, а потоа наставникот ги кажува слоговите во четвртини ноти со тактирање (на пример, јас сум среќ-но де-те). Учениците заедно со наставникот га кажуваат слоговите. Како звучиме? (како роботи) Се запознаваат со целта. (7 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот им покажува на учениците слика „Музичка куќа“.<br><br>Во музичката куќа доаѓаат гости, различни ноти. Нотите можат да траат подолго и пократко.<br>(Пример бројалката„Цвеќе шарено“. Во бројалката слоговите од текстот немаат исто траење.)<br><br> | Слика<br>Табла<br>Маркер<br>Нотна тетратка<br>Прибор за пишување<br>детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот ја пее мелодијата во ритам и ги насочува учениците да тактираат. Им го објаснува начинот на тактирање (со раката надолу и нагоре). Ги поттикнува учениците на други начини на тактирање (пукање со прстите, плескање со рацете) во функција на означување удар. Ги прашува учениците за која особина на тонот се работи (траење).<br>На каков начин може да се запише траењето на нотите?<br>Наставникот на табла запишува различни нотни вредности и се заокружува четвртината нота. Учениците се запознаваат со четвртината нота како основна единица за броење и траење од еден удар.<br>Наставникот пее вежба со четвртина нота, па пауза и ги поттикнува учениците да откријат за што се работи.<br><br><br>Учениците воочуваат дека покрај ноти има и паузи, а наставникот ја запишува четвртина пауза на табла и објаснува дека четвртината пауза трае еден удар.<br>Учениците препишуваат во тетратките и вежбаат правилно пишување на нотата и на паузата. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Наставникот презентира мелодиска вежба од четвртини ноти и паузи.<br><br>Учениците ја препишуваат мелодиската вежба и ја тактираат | | |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заедно и индивидуално. Вежбата се изведува и со детски ритмички инструменти. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме на овој час? Како се чувствувате? Колку трае четвртина нота и пауза? ..... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk